# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

## БРОЈ 06/13

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

**Излегува по потреба- 22.05-2013 година. СРЕДА-Бр. 06, година XVII .Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија; E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари**

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување **Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци** 2013 **година**

1.Ја Објавувам Програма **за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци** 2013 **година** , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 17.05.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-387/1
22.05.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 , став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на Општина Новаци (Сл.Гласник на Општина Новаци бр.5/2002) Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 17-05 -2013 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ОДНОС НА ВЛИЈАНИЕТО ОД ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР ВО ОПШТИНА Н О В А Ц И ЗА 2013 год.

Член 1

Со Програмата за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2013 година се уредува намената и доделувањето на средства за реализација на програми и проекти и други активности од областа на животната средина на територијата на општина Новаци за 2013 година.

Член 2

Средствата за реализација на Програмата се обезбедуваат од:

1. Надоместокот за производсво на енергија од фосилни горива како наменска дотација на Општината во износ од **7.176.288**,00 денари.;

2. Буџет на општина Новаци за 2013 година 6.600.000,00 денари

ВКУПНО 13.776.288,00 **денари**

Член 3

За начинот и динамиката на користење на средствата ќе се грижи Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Новаци.

Член 4

Средствата од член 2 на оваа Програма ќе се распоредуваат на следниот начин:

1. **Бетонирање на дел од 10-ти канал**------------------------------- **2.000.000**,00 денари
2. **Чистење на канал во с.Новаци ис.Добромири М.В. Чаир**---- **2.000.000,00** денари
3. **Бетонирање на дел од порој во с.Д.Агларци** ----------------- **2.000.000**,00 денари
4. **Изградба на ракометно игралиште во с.Д.Агларци**----- **1.500.000**,00 денари.
5.**Изградба на бетонски канал во с.Маково**--------- 500.000,00 денари.
6.**Изградба на мини акомулација во с.Живојно**----- 676.288,00 денари
7.**Изградба на водопоило во с.Живојно**----------- 400.000,00 денари
8.**Изградба на пешачки мост во сГрадешница**------- 700.000,00 денари
9.**Изградба на брана на** 10-**ти канал во с.Новаци** 500.000,00 денари
10.**Изградба на брана на паралелен канал со Црна река** 500.000,00 денари
11.**Изградба на водопоило во с.Бач**----------- 400.000,00 денари
12.**Изградба на газилиште на Елешка река во с.Гермијан** 1.000.000,00денари
13.**Изградба на атмосверска канализација вос.Новаци** 150м 400.000,00денари
14.**Изградба на атмосверска канализација вос.Д.Агларци** 150м 400.000,00денари
15.**Изградба на атмосверска канализација во с.Г.Агларци** 150м 400.000,00денари
16.**Изградба на атмосверска канализација во с.Далбеговци** 150м 400.000,00денари денари

==================================

**ВКУПНО** 13.776.288.00 **денари**

Член 5

Оваа Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-375/4
17.05. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

==================================

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за спроведување на мерки на превентивна дезинсекција и систематска дератизација

1. Ја Објавувам Одлука за спроведување на мерки на превентивна дезинсекција и систематска дератизација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 17.05.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-387/2
22.05.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести(„Службен весник на РМ бр.66/04„), а во согласност со член 36 , став 1, точка 15 и член 62 став 1 точка1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (Сл.гласник на Општина Новаци бр.5/2002) Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 17-05 -2013 година донесе

ОДЛУКА

за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација

**Член** 1

**СЕ ОДОБРУВА** спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација, како посебни мерки за заштита на населението од заразни болести

**Член** 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2013 година

**Член** 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-375/5
17.05. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

СОДРЖИНА Страна

1.Заклучок за објавување Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци 2013 година 1

**2. Заклучок за објавување Одлука за спроведување на мерки на превентивна дезинсекција и систематска дератизација.** 3

**Издавач:**
Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци